**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за општи работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
**за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје**

**Скопје, април 2025 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје - Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука Град Скопје од Министерството за образование и наука прима на трајно користење движни ствари, 7 (седум) патнички моторни возила со следниве карактеристики:

| Ред. бр. | Марка | Тип | Број на шасија | Регистарска ознака | Година на производство | Работна зафатнина на мотор (cm3) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Пежо | Партнер | VF35FWJYF60493830 | SK-700-OP | 2003 година | 1868 cm3 |
| 2. | Исузу | Топер | JACUBS69G17100027 | SK-502-SI | 2001 година | 3059 cm3 |
| 3. | Јагуар | S-TYPE 2,7 D | SAJAA02W757N49990 | SK-1585-AJ | 2005 година | 2720 cm3 |
| 4. | БМВ | 320 i | WBAVA71080PR93505 | SK-7188-AT | 2003 година | 2200 cm3 |
| 5. | Алфа | Ромео | ZAR93200001056488 | SK-9683-AB | 1998 година | 1747 cm3 |
| 6. | БМВ | 525 | WBADF71030BS45450 | SK-7377-AB | 1998 година | 2497 cm3 |
| 7. | БМВ | X5 | SK173622/12 | SK-1076-BM | 2007 година | 2993 cm3 |

Движните ствари од став 1 на овој член Град Скопје ги прима на трајно користење, без надомест, согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 50-1558/4 од 11.02.2025 година ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.33/25).

Член 2

Градоначалникот на Град Скопје и Министерот за образование и наука ќе склучат договор со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за приемот на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 3

Движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука, Град Скопје ги дава на трајно користење, без надомест на АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје – Скопје.

Член 4

Градоначалникот на Град Скопје и в.д.директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски" на Град Скопје - Скопје, ќе склучат договор со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за давањето на трајно користење на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

Број _______
___________ 2025 година
С к о п ј е

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Трајко Славески**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), согласно кој е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11ти февруари 2025 година донесе Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 50-1558/4, („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.33/25), со кои на Град Скопје, без надомест, на трајно користење му даде 7 (седум) патнички моторни возила за потребите на Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје.

Врз основа на горенаведената Одлука на Владата на Република Северна Македонија, Советот на Град Скопје го овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договори со Министерот за образование и наука и договор со в.д. директорот на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје - Скопје, со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за движните ствари.

Врз основа на горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за прием и за давање на трајно користење движни ствари на АСУЦ „Боро Петрушевски“ на Град Скопје – Скопје.